NATIONAL AGENCY FOR EUROPEAN EDUCATIONAL PROGRAMMES AND MOBILITY

SynergyEd

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Специфики на исхраната кај деца со церебрална парализа

Постои поголем ризик од неухранетост.

Водете дневник за храната на вашето дете.

Погрижете се вашето дете да пие доволно течности.

За да може вашето дете да ја совлада техниката на голтање, користете помош од физиотерапевт.

Охрабрете го вашето дете да зема мали залаци и внимателно да џвака.

Пополнете ги празнините во исхраната на детето со храна богата со енергетски протеини како што се полномасни млечни производи, јаткасти плодови, тестенини, јајца и леќа.

Побарајте совет од вашиот лекар за тоа дали треба да внесете додатоци или заменски течни оброци во исхраната на вашето дете.

Треба да внимавате и да имате трпение како родител бидејќи оброците на вашето дете траат долго. Вклучете го детето во подготовка на оброци прилагодени на неговите способности.

Кога нудите храна што детето претходно не ја прифатило, започнете со нудење мали порции (на пример, грашок) заедно со храна што детето сака да ја јаде.

Обрнете внимание на положбата на детето на неговото столче: консултирајте се со терапевт за совети. Преку пракса, детето може да научи да користи лажица.

МААР

LUX VERA

www.imi.bg.ac.rs